# Лукиј Анај Сенека:
# „За краткоста на животот“, XVIII – XX

Светлана Кочовска
kocovskas@yahoo.com

XVIII. Така, најмил Паулине,[1] отргни се од толпата и повлечи се најсетне во поспокојно пристаниште невознемируван како што беше за време на животот. Помисли си само колку бранувања си преживеал, колку лични несреќи си издржал, и колку општествени кон себе си привлекол. Твојата доблест преку мачни и обеспокојувачки сведоштва веќе доволно е потврдена, провери како би се однесувала таа во слободно време. Поголемиот дел од животот, и секако подобриот, ѝ бил посветен на државата; земи си малку од сопственото време и за себе. Јас не те поттикнувам на мрзелива и бездејствена починка, не те поттикнувам сè она што како вродена дарба живее во тебе да го потопиш во сон и во наслади слатки за толпата. Тоа не е починка; ќе откриеш позначајни работи од сите оние со кои досега вредно си се занимавал, и мирно и безгрижно нив ќе ги извршуваш. Ти навистина толку воздржано водиш грижа за сметките на царството – како да се туѓи, толку внимателно – како да се твои сопствени и толку побожно – како да ѝ припаѓаат на државата. Извршувајќи си ја службата ти стекна љубов, а тогаш е тешко да се одбегне омраза. Сепак, верувај, подобро е да ја спознаеш смислата на сопствениот живот отколку на државните амбари со жито. Од онаа служба – навистина достојна за почит, но малку погодна за блажен живот, поврати си ја бодроста на духот, имено таа од сите најзначајни работи има најголема моќ, и размисли, ти не се предаде уште од најрана возраст на секаков вид иследувања достојни на слободниот човек за да ти бидат доверени илјадници амбари жито. Ветуваше дека нешто поголемо и повозвишено ќе излезе од тебе. Нема да недостасуваат луѓе чијашто чесност е потврдена и грижлива работливост осведочена. Бавните говеда се толку попогодни за носење товар од чистокрвните коњи, чијашто благородна брзина не знам дали некој некогаш ја попречил со тежок товар? Освен тоа размисли, колкава загриженост ти носи тоа што си се изложил на толкава мака. Ти си имаш работа со човечка утроба. Гладниот народ не ја прима трпеливо сметката, не се успокојува со справедливоста, ниту пак се помирува со некаква молитва. Неодамна, во оние неколку денови, кога Гај Кајсар[2] загина, мошне тешко му паѓаше, ако може да постои чувство кај мртвите, тоа што знаеше дека на преживеаниот[3] римски народ му оставил храна само за седум или осум дена, а додека тој од кораби градеше мостови и си поигруваше со изобилството на царството, се јави најмачното од сите зла дури и за оние кои се под опсада – недостиг од храна.[4] Тоа што тој подражаваше еден безумен, туѓ и несреќно горделив цар[5] донесе разурнување и глад, и она што го следи гладот – речиси сеопшт гибел. Како ли се чувствувале оние на кои откако им била доверена грижата за општествената исхрана, морале да издржат карпи, меч, оган, да го издржат дури и самиот Гај?[6] Со врвно лицемерие го прикривале, се разбира со причина, тоа толку големо зло закопано во дното на душата. Имено некои болести треба да се лекуваат без болните да имаат сознание за болеста. Смртта кај многумина се должи на тоа што тие самите биле свесни за својата болест.

XIX. Предај им се на некои поспокојни, посигурни и повозвишени нешта! Размислуваш ли дека е сеедно дали водиш грижа за тоа житото да се пренесе во амбарите неосквернето од нечесноста и негрижата на оние кои го пренесуваат, да не биде уништено откако попримило влага или топлина, дали соодветствува тежината со резултатот од мерењето, или пак да пристапиш кон оние свети и возвишени нешта со намера да спознаеш каква е божјата природа, каква е неговата наслада, каков е неговиот начин на живот и каков е неговиот облик; каква судбина ја очекува твојата душа, каде нè поставува природата откако ќе се ослободиме од телото, што е она што најтешките тела ги држи во средето на овој свет, а лесните високо горе ги издига, го носи огнот најгоре, а ѕвездите ги поттикнува кон нивните промени; размислуваш ли и за други такви особено чудесни појави? Посакуваш веднаш штом ќе ја напуштиш земјава со духот да се издигнеш кон нив! Сега, додека сè уште ти е крвта врела треба со сета животна сила да тргнеш кон повозвишени нешта. Во тој нов живот те очекуваат безброј благородни потфати, љубов и пројава на доблестите, заборав на страстите, знаење за тоа како треба да се живее и како да се умре и длабоко световно спокојство. Жалосна е положбата на оние кои се зафатени, но убедливо во најжалосна положба се оние кои не водат грижа за своите сопствени работи, туку и спијат според сонот на другиот, чекорат по стапките на другиот, па дури и на туѓа заповед љубат и мразат, нешта кои се најслободни од сè. Овие луѓе ако посакаат да дознаат колку им е животот кус, само нека размислат колкав дел од него е нивен.

XX. Така, кога ќе видиш човек кој веќе си облекол праетекста[7] и името на форумот му се слави, немој да завидуваш. Овие нешта се стекнуваат на штета на животот. Целиот живот ќе си го потрошат за само една година да се брои според нивното име.[8] Некои уште пред да се искачат на врвот на својата амбиција, животот ги остава уште сред првите усилби. Оние пак кои преку илјада понижениja се искачиле на врвот на достоинството, ги обзема жална мисла дека толку си измачиле само поради еден надгробен натпис. Има и такви кои во длабока старост се оддаваат на нови надежи, како да се во младешка возраст, па сред големи и бесрамни усилби изнемоштени умираат. Грозен е оној старец, кој мачејќи се да стекне пофалби од неопитните слушатели за време на судски процес, испуштил душа, и тоа сред сосем непознати обвинители. Бесрамен е оној кој, истоштен повеќе од начинот на живот отколку од работа, се ничкосал среде сопствените задолженија. Гнасен е човек кој пред смртен час прима пари, се подбива со него и наследникот кој долго време бил одвраќан од наследството. Не можам да не го споменам примерот кој случајно на ум ми дојде. Секст Туранij беше старец чијашто работливост беше осведочена. Тој по деведесеттата година, кога лично Гај Кајсар[9] го лиши од прокураторската[10] служба, заповеда да го постават на смртно легло, а фамилијата да застане околу него и да го оплакува како да умрел. Го оплакуваше куќата политички слободното време на стариот господар и не престана да жали сè додека повторно не му ја вратија службата. Зарем е толку пријатно човек да умре зафатен? Повеќето го мислат истото, ним страста кон работата им е подолготрајна од способноста. Додека се борат со слабоста на телото, сметаат дека самата старост не е мачна поради ниедна друга причина, туку само поради тоа што ги трга настрана. Законот не собира војник од педесеттата година нагоре, не повикува за сенатор човек од шеесет години. Луѓето потешко добиваат слободно време од самите себе, отколку од законот. Меѓутоа, додека се ограбувани од други и додека самите ограбуваат, додека еден го нарушува спокојството на другиот, додека заемно се унесреќуваат, животот е без плод, без задоволство и без било каква духовна

придобивка. Никој не ја зема предвид смртта, никој не се стреми кон остварливи надежи. Некои пак го наредуваат дури и она кое е од другата страна на животот, - огромни надгробни споменици, посвети за општествени заслуги, покрај гробот жртвени дарови и славољубиви погребни церемонии. Жими Херкула, погребот на тие луѓе треба да се изведе со факели и восочни свеќи, како сосема кусо да живееле.[11]

Наслов на изворникот: Seneca, *Moral Essays, De Brevitate vitae*, Harvard University Press, 1958, London.

## Белешки:

[1] Паулин бил praefectus annonae, восок службеник задолжен за снабдувањето на Рим со жито. Организацијата на снабдување со жито претставувала сложен систем. Населението од одредени области морало на државата да ѝ доставува одредени намирници за издржувањето на градот Рим, војската и населението. Таквиот данок, наречен annona, не бил собиран редовно и често пати имал карактер на реквизиција.

[2] Гај Кајсар Калигула е еден од римските императори чиешто самоволие и тирански начин на владеење може да се објасни само како душевно растројство.

[3] Сенека прави алузија на безумната желба на Калигула: "utinam populus Romanus unam cervicem habere!" („Камо среќа римскиот народ да имаше само еден врат!") којаштоја споменува и Светониј во De vita Caesarum libri (Caligula, 30), а и самиот Сенека во De ira (III, 19, 2). Калигула посакувал римскиот народ да има еден врат за да може сопствените злосторства, расеани на толку места и во толку наврати да ги изведе со еден удар и за само еден ден.

[4] Калигула, откако сосем ги потрошил државните пари, применил најразновидни начини за да ја пополни државната благајна: конфискација на имоти на осуденици, принудни лицитации, наметнување на неподносливи даноци, а меѓу другото употребил голем број кораби, кои дотогаш пренесувале храна од провинциите во Рим, за да издигне мост во пристаништето во Путеоли, во Кампанија. Овој мост се простирал од Баја до Путеоли. Ова е посведочено и кај Светониј (Caligula, 19). Тоа предизвикало недостиг на храна во Рим.

[5] Сенека смета дека Калигула го подражавал гордиот, но несреќен персиски цар Ксеркс I, кој исто така ги поврзал двата брега на Хелеспонт со мост од кораби, кога во 480 г.с.е. тргнал во поход против Грците. Подоцна тој мост бил уништен од бура.

[6] Доколку храната се потрошела пред да биде убиен Калигула, било заповедано тие да бидат фрлени од Тарпејската карпа, да бидат предадени на џелатот или пак да бидат запалени. Инаку, Тарпејската карпа се наоѓала во северниот дел на Капитол, а од неа ги фрлале злосториниците.

[7] Toga praetexta е бела тога опшиена со пурпур на рабовите. Таква тога носеле лицата кои биле носители на високи служби во државата, како и децата од висока класа до седумнаесет годишна возраст.

[8] Римјаните ги сметале годините според имињата на двајцата конзули, кои се менувале секоја година.

[9] i. e. императорот Калигула

[10] Прокураторите во тоа време биле задолжени за собирањето на даноците и за управување со помалите провинции.

[11] Погребите на деца имале особено скромен карактер. За разлика од погребите на видните граѓани, кои помпезно се извршувале дење, кога раздвиженоста во градот била најголема, децата, секако и сиромашните, биле закопувани ноќно време, на светилина од факели и восочни свеќи.